**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 18.12.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 6351 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН КОНТРОЛЕН НАДЗОР**

**ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:**

Контролниот програмски надзор е извршен во согласност со член 27 став 1, 2 и 5 и член 28 став 1, 2 и 3 а, во врска со член 141 од **Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14 бр.101/14 и бр.132/14),** врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Куманово, **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО Куманово,** на ден 15.12.2014 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:**

Контролниот програмски надзор е спроведен на следниве околности: дали операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО Куманово** постапил по Решението за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси бр.11-463 од 06.11.2014 година издадено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кое решение е издадено врз основ на претходно извршен редовен програмски надзор спроведен на ден 05.11.2014 година (Извештај бр.11-5460/1 од 05.11.2014 година). Решението е уредно примено на 13.11.2014 година.

**КОНСТАТАЦИИ:**

1. При извршениот контролен програмски надзор врз операторот, **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО Куманово** на ден 15.12.2014 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Скопје, во рамките на дигиталниот пакет реемитува вкупно 37 програмски сервис кои се опфатени со потврдите за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси бр.1 од 29.12.2011, бр.2 од 26.08.2013, бр.3 од 04.03.2014, бр.4 од 21.08.2014 и бр.5 од 12.12.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**УПАТЕНИ РЕШЕНИЈА:**

1. Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси бр.11-463 од 06.11.2014 година издадено врз основ на Извештај бр.11-5460/1 од 05.11.2014 година. Решението е уредно примено на 13.11.2014 година.

Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги МУЛТИМЕДИА-НЕТ ДОО Куманово, постапил во целост по издаденото Решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси бр.11-463 од 06.11.2014година,** од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**